## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2378.**

Врз основа на член 135 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПЕРСОНАЛОТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО И ДРУГИОТ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ**

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал („Службен весник на Република Македонија” бр. 179/11) во членот 6 во ставот (4) по зборот: „чуваат“ се додава зборот: „трајно“, а точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и документи за нивно суспендирање или повлекување.“.

Член 2

По членот 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

„Член 6-а

Персоналните досиеја се организираат во три категории и тоа:

-досиеја на активни носители на дозволи, односно уверенија за стручна оспособеност,

-досиеја на неактивни носители на дозволи, односно уверенија за стручна оспособеност и

-досиеја на починати носители на дозволи, односно уверенија за стручна оспособеност.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-484/3
4 мај 2016 година
Скопје

Директор,
**Горан Јандреоски,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**2379.**

Врз основа на членот 158-ѕ точка 1) а во врска со членот 74 точка 7) и членот 100 став (4) од Законот за супервизија на осигурување пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/2015 и 23/2016), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 27.4.2016 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СООДВЕТНОСТА НА РЕОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ, МЕТОДОТ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ НА МАКСИМАЛНО ПОКРИТИЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВО ТАБЕЛАТА ЗА МАКСИМАЛНО ПОКРИТИЕ И МЕТОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНА МОЖНА ШТЕТА**

Член 1

Во Правилникот за соодветноста на реосигурителното покритие, методот за пресметка на износот на максимално покритие на друштвото за осигурување во табелата за максимално покритие и методот за пресметување на максимална можна штета („Службен весник на Република Македонија“ бр. 189/13), во членот 2, по ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи: